# П Р А В И Л Н И К

## за игра на меморијалниот турнир „Влатко Петров“ – Чардаклија

Со овој правилник покрај основните правила за играње на мал фудбал се уредуваат и појаснуваат правилата за игра конкретно за меморијалниот турнир ВЛАТКО ПЕТРОВ. Истиот се состои од делмно футсал правила за игра и делумно општи добропознати правила за игра на мал фудбал. Во прилог наведуваме некои од нив:

1. **Бројот на играчи** во една екипа треба да брои максимум 12 играчи од кои максимум 10 играчи екипата треба да брои во фазата по групи, а 2 играчи можат да се додадат со почетокот на елиминационите натпревари.
   **Играчите** можат да се дополнуваат во текот на времетраењето на натпреварите по групи доколку не е исполнет максимално предвидениот број од 10 играчи.
   **Доколку еден играч има настап за една екипа,** истиот нема право на настап за друга екипа се до завршувањето на турнирот.

2. **Натпреварите** се играат во систем 4 играчи + 1 голман во времетраење од две полувремиња од по 20 минути со право на 1 тајм-аут во по едно полувреме за секоја од екипите во времетраење од 1 минута.

3. **Екипа** која нема да се појави за време на одигрувањето на натпреварот, резултатот се регистрира со 3:0 во полза на екипата која што е присутна и дополнително им се одземаат 3 бода како казна.
   **Одложување на натпревар** со промена на термин за игра се врши при временски непогоди или останати непредвидени ситуации со пронценка на организаторот

4. 
   **Голманот** не смее да игра со раце доколку некој негов соиграч намерно го проигра
   **Корнер по игра од голман** ИМА.
   **Голманот смее да постигне гол** единствено со нога на било каков начин од игра
   **Голманот не смее да излегува од просторот од 6 m со топка при гол аут т.е. мора да проигра со играч**

5. **Бројот на фаули во игра** се брои т.е. **постои правило на акумулирани фаули во едно полувреме**. При што со 6 акумулирани фаули во едно полувреме, противничката екипа изведува пенал од 10 m и секој нареден прекршок е пенал од 10 m. Пеналот мора да се шутира директно (не смее да се додава). Фаул напревен во казнениот простор не се брои во акумулирани фаули, туку се изведува казнен удар - пенал од 7 m. На полувреме акумулираните фаули се поништуваат.

6. **ЗАВИСНО ОД БРОЈОТ НА ПРИЈАВЕНИ ЕКИПИ ОРГАНИЗАТОРОТ СПРОВЕДУВА ТРИ ШЕМИ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ И ТОА:**

   - ПРИЈАВЕН БРОЈ НА ЕКИПИ од 16 до 19:

   Екипите се делат во 4 групи од кои понатаму во **1/4 финале** се пласираат првите 2 екипи

   - ПРИЈАВЕН БРОЈ НА ЕКИПИ од 20 до 23:

   Екипите се делат во 4 групи од кои во **1/8 финале** се пласираат првите 4 екипи

   - ПРИЈАВЕН БРОЈ НА ЕКИПИ 24:

   Екипите се делат во 6 групи од кои во 1/8 финале се пласираат првите 2 екипи од секоја група и најдобрите 4 екипи кои се на 3 место во групите според бројот на бодови.

   **Во случај на ист број на бодови на 2 екипи** најпрвин се гледа меѓусебниот резултат. Во случај на ист резултат се гледа вкупната гол разлика, во случај на иста гол разлика се гледа кој има повеќе постигнати голови. Во случај на исти постигнати голови во договор со двете екипи се игра мајсторка или се фрла ждрепка.
   **Во случај на ист број на бодови на 3 или повеќе екипи,** се формира мини-група помеѓу екипите кои имаат исти бодови во која не влегуваат постигнатите резултати од екипите кои веќе сигурно се елиминирани понатаму важат истите правила како и за 2 екипи со ист број на бодови

   **Вкрстувањето на групите се знае и договара пред почетокот на ждребувањето за што се информирани и претставниците на екипите присутни на ждребот.**

7. Во фазата на елиминација доколку резултатот во регуларниот дел заврши нерешено, **ВЕДНАШ** се приоѓа кон изведување на пенали во серија подобар од 3 пенала.

8. **Секој приговор кон судијата, лизгачки старт или погруб прекршок се казнува со исклучување од 2 минути.**
   Секоја навреда кон судијата или физички напад кон судија или противнички играч се казнува со црвен картон исклучување и забрана за влез во натпреварот на играчот на кого му е доделен црвениот картон до крајот на натпреварот, а по поминати 2 минути може да влезе друг играч.
   Доколку за времетраењето на казната 2 минути исклучување, на натпреварот се постигне гол тогаш казната се брише и екипата се комплетира.
   **Секој присутен на клупата за резервни играчи без разлика дали е впишан како играч или не се смета за дел од екипата, па секое недолично однесување на таквите лица ќе се казнува со исклучување од 2 минути од играчите кои се во тој момент во игра.**

**9. Организаторот го задржува правото на дисквалификација на екипа која ќе покаже недисциплина и за истата ќе одлучува комисија од организаторот во состав од 5 члена.**

**10. Комисија од 5 члена составена од организаторот ќе одлучува и за останати непредвидени работи кои би можеле да се случат во текот на одржувањето на турнирот се со цел поголема регуларност и услови за игра на учесниците.**

**11. ОРГАНИЗАТОРОТ НЕ ОДГОВАРА ЗА ЗДРАВСТВАНАТА СОСТОЈБА НА УЧЕСНИЦИТЕ НА ТУРНИРОТ**

**Здружение на граѓани за подготовка и организација на меморијален турнир во мал фудбал**

**ВЛАТКО ПЕТРОВ Штип**